**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

# УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 април 2025 година.

Бр. 08-2094/1
3 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на
Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 38/14 и 106/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 129/23), во член 9 во ставот (3) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација”.

Член 2

Членот 19 се менува и гласи:

„(1) Со Советот на НИПП раководи и претседава лице овластено од претседателот на Владата на Република Северна Македонија од редот на замениците на претседателот на Владата (во натамошниот текст: претседателот на Советот).

(2) Претседателот на Советот на НИПП или овластеното лице од ставот (1) на овој член, се грижи за спроведување на Стратегијата на НИПП и тековно ја информира Владата на Република Северна Македонија за активностите поврзани со НИПП.”.

Член 3

Во член 20 став (1) точката 4) се менува и гласи:

„4) Министерството за економија и труд;”.

Точката 7) се менува и гласи:

„7) Министерството за култура и туризам;”.

Точката 8) се менува и гласи:

„8) Министерството за транспорт;”.

Точката 10) се менува и гласи:

„10) Министерството за дигитална трансформација;”.

Точката 11) се менува и гласи:
„11) Министерството за односи меѓу заедниците;”.

Член 4

Во членот 33 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 5

Во член 33-б во ставот (2) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.